Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 24 април 2020 година донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

(1) Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 133/19) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.
(2) За можноста за донирање на делот од данокот на додадена вредност во Буџетот на Република Северна Македонија кој треба да им биде вратен на физичките лица, поради справување со последиците предизвикани од COVID-19, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

(1) Физичките лица кои оствариле право на враќање на дел од данокот на додадена вредност за првото календарско тримесечје од 2020 година, можат истиот да го донираат во Буџетот на Република Северна Македонија поради справување со последиците предизвикани од Коронавирусот COVID-19.
(2) Физичкото лице, корисник на апликативниот софтвер за пријавување на податоците од фискалната сметка (Мој ДДВ) донирањето од ставот (1) на овој член може да го изврши преку мобилниот апликативен софтвер со потврден одговор на опцијата за донација.
(3) Преку мобилниот апликативен софтвер корисникот има можност да одбере дали е согласен да го донира целиот износ од данокот на додадена вредност за кој се стекнал со правото на враќање, преку опцијата “скенирам и донирам“. Корисникот има две опции за избор, односно опцијата „Да, го донирам мојот поврат на ДДВ” и опцијата „Не, благодарам”. Корисникот кој одговорил потврдно на опцијата за донација се смета дека дава согласност за донирање на целиот износ кој треба да му биде вратен на трансакциска сметка, и нема да има можност за отповикување на дадената согласност. Корисникот кој одговорил негативно на прашањето за донирање на остварениот износ, ќе има можност да го промени одговорот се додека е отворена опцијата за избор.

(4) Изборот за донирање на износот од ставот (3) на овој член, во Буџетот на Република Северна Македонија поради справување со последиците предизвикани од COVID-19, физичкото лице може го изврши најдоцна до 5 мај 2020 година.
(5) На корисникот кој негативно се изјаснил, односно на корисникот кој не се изјаснил за донирањето, износот на делот од данокот на додадена вредност за кој се стекнал со правото на враќање за првото календарско тримесечје во 2020 година ќе му биде исплатен на трансакциската сметка.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3401/1
24 април 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски